***Број: 02 - 135/2***
***13.01.2009 година***
***С к о п ј е***

**_ЗАПИСНИК_**
**_од XLIX -та седница на Управниот одбор на_**
**_Фондот за здравствено осигурување на Македонија,_**

*одржана на 13.01.2009 во 12.00 часот и на 20.01.2009 во 12.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Фисник Ибраими, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член;*
- *Д-р. Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ;*
- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*
- *Лазар Трајчев, директор на правниот сектор;*
- *Слаѓана Пешевска, директор на секторот за човечки ресурси;*

- *Златко Алексов, директор на секторот за јавни набавки (делумно присутен);*
- *Бранислава Катушевска, раководител на одделението за преговарање и договарање (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*На седницата присуствуваше и Петар Каранаков, претседател на комитетот за ДСГ.*

*Поради отсуство на претседателот на Управниот одбор Снежана Костадиноска Милошеска, седницата ја отвори заменикот на претседателот Фисник Ибраими. Откако утврди дека се присутни четири членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување го предложи следниот*

***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од XLVII седница на УО одржана на 18.12.2008 година*
- *Усвојување на записникот од XLVIII седница на УО одржана на 23.12.2008 и 26.12.2008 година*

1. *Анализа на Буџетот за 2009 година и утврдување на буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2009 година;*
2. *Дополнување на референтните цени на услуги во болничката здравствена заштита за акутни случаи и утврдување на референтни цени на услуги во болничката здравствена заштита за амбулантски случаи;*
3. *Програма за инвестиции за Фондот и подрачните служби за 2009 година;*
4. *План за јавни набавки во 2009 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
5. *Утврдување на обрасци за спроведување на Законот за мирување и отпишување на обврски по основ на придонеси за задолжително здравствено осигурување;*
6. *Утврдување на вредноста на поенот во примарната здравствена заштита;*
7. *Претседател на Управниот одбор;*
8. *Приговор од областа на работните односи;*
9. *Разно.*

*Страшо Наумоски побара точката 6, Утврдување на вредноста на поенот во примарната здравствена заштита, да не се разгледува денес, туку на следната седница. Ова заради потребата да се направи обид за усогласување на ставовите по ова чуствително прашање помеѓу Лекарската и Стоматолошката комора што ќе се случи во следните денови.*

*Членовите на Управниот одбор го прифатија предлогот, по што едногласно одлучија оваа точка да се разгледа на првата следна седница на Управниот одбор.*

*По ова, Управниот одбор едногласно го усвои следниот*

## ***Д Н Е В Е Н   Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од XLVII-та седница на Управниот одбор одржана на 18.12.2008 година*

- *Усвојување на записникот од XLVIII-та седница на Управниот одбор одржана на 23.12.2008 и 26.12.2008 година*

1. *Анализа на Буџетот за 2009 година и утврдување на буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2009 година;*
2. *Дополнување на референтните цени на услуги во болничката здравствена заштита за акутни случаи и утврдување на референтни цени на услуги во болничката здравствена заштита за амбулантски случаи;*
3. *Програма за инвестиции за Фондот и подрачните служби за 2009 година;*
4. *План за јавни набавки во 2009 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
5. *Утврдување на обрасци за спроведување на Законот за мирување и отпишување на обврски по основ на придонеси за задолжително здравствено осигурување;*
6. *Утврдување на вредноста на поенот во примарната здравствена заштита;*
7. *Претседател на Управниот одбор;*
8. *Приговор од областа на работните односи;*
9. *Разно.*

*Истовремено одлучи, работата на оваа седница да се одвива во две продолженија. Точките 2 - Дополнување на референтните цени на услуги во болничката здравствена заштита за акутни случаи и утврдување на референтни цени на услуги во болничката здравствена заштита за амбулантски случаи, 3 - Програма за инвестиции за Фондот и подрачните служби за 2009 година, 4 - План за јавни набавки во 2009 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, и 5 - Утврдување на обрасци за спроведување на Законот за мирување и отпишување на обврски по основ на придонеси за задолжително здравствено осигурување, поради неопходноста од донесување на соодветните акти да се разгледаат на денешното продолжение. Точките 1 - Анализа на Буџетот за 2009 година и утврдување на буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2009 година, 6 - Утврдување на вредноста на поенот во примарната здравствена заштита, 7 - Претседател на Управниот одбор и 8 - Приговор од областа на работните односи да се разгледаат на второто продолжение.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од XLVII-та седница на Управниот одбор одржана на 18.12.2008 година*

*Управниот одбор, едногласно и без забелешки го усвои записникот од XLVII-та седница одржана на 18.12.2008 година.*

- *Усвојување на записникот од XLVIII седница на Управниот одбор одржана на 23.12.2008 и 26.12.2008 година*

*Љубиша Каранфиловски побара на страна 4 од записникот, неговата дискусија да се коригира така што зборовите „Кога побаравме намалување на буџетот“, да се заменат со зборовите „Кога се наметна намалување на буџетот на Фондот поради предлог мерките на Владата за справување со светската економска криза“.*

*Со оваа корекција, Управниот одбор едногласно го усвои записникот од XLVIII-та седница одржана на 23.12.2008 и 26.12.2008 година.*

***ТОЧКА 2 -*** *Дополнување на референтните цени на услуги во болничката здравствена заштита за акутни случаи и утврдување на референтни цени на услуги во болничката здравствена заштита за амбулантски случаи*

*На почетокот на дискусијата по оваа точка од дневниот ред, Петар Каранаков се осврна на референтните цени според ДСГ системот усвоени на 18.12.2008 година. Болниците имаат обврска да ги плаќаат услугите што пациентите ги добиле во други болници а кои се поврзани со третманот во нивната болница. Кога ќе се земе тоа во вид, се чини дека постоечките цени се недоволни за покривање на трошоците на болницата. Потребно е цените да бидат фер и еднакви за сите дејности. Едно можно решение е да се зголеми вредноста на бодот а уште подобро е да се одобрат посебни буџети за скапите материјали кои болниците ги трошат.*

*Борис Јосифовски наведе оти смета дека во структурата на ДСГ цената материјалите треба да имаат поголемо учество, а Љубиша Каранфиловски праша дали во сегашната состојба менаџерите на болниците нема да имаат проблеми во менаџирањето на трошоците.*

*Директорот Тренкоски пак истакна дека порано се сметаше дека буџетите на болниците се мал,и но се испостави дека причината за таквата перцепција е нерационалното трошење на средствата. И во врска со утврдените ДСГ цени е слично. Тие сигурно не се идеални и со анализа на трошоците во наредниот период ќе се види каде има потреба од корекција. Но, сметаме дека почетокот на нивната примена е сепак добар.*

*Фисник Ибраими праша дали тимот на Петар Каранаков може во соработка со болниците да направи извештај за тоа кои цени се сметаат проблематични*

*односно колку дополнителни средства се потребни и за тоа да го извести Управниот одбор.*

*Петар Каранаков одговори дека ќе се изготви таков извештај, и истовремено го изрази своето мислење дека Фондот покрај буџетот, на болниците треба да им определи и посебен буџет за плаќање на услугите помеѓу болниците. Тоа значи, средствата кои досега Фондот секако ги плаќаше за ваквите услуги, да ги даде на болниците за тие да плаќаат.*

*Директорот Јелникар наведе оти смета дека барем во првиот квартал од годината треба да се применуваат утврдените цени и начин на плаќање за кое време ќе се прават анализи и ќе се извлекуваат заклучоци. Потоа, имајќи го зад себе искуството од примената, ќе се прават подобрувања ако за тоа се укажува потреба. Во моментов е потребно утврдените цени на седницата од 18.12.2008 година да се дополнат со уште 9 цени за услуги кои тогаш не беа опфатени, како и да се утврдат цени за 20 услуги во болничката здравствена заштита за амбулантски случаи.*

*Со тоа расправата по оваа точка на дневниот ред заврши, по што Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на услуги во болничката здравствена заштита за акутни случаи***

*со која се утврдени референтни цени за 9 услуги, и*

***Одлука***
***за утврдување на референтни цени на услуги во болничката здравствена заштита за амбулантски случаи***

*со која се утврдени цени за 20 услуги во болничката здравствена заштита за амбулантски случаи.*

***ТОЧКА 3 -*** *Програма за инвестиции за Фондот и подрачните служби за 2009 година*

*Управниот одбор едногласно донесе*

***Програма за инвестиции***
***за Фондот и подрачните служби за 2009 година***

*со која ги утврди износите за инвестирање во градежни објекти и за купување на мебел опрема, возила и машини во Фондот и подрачните служби во 2009 година.*

*Во ставката наменета за градежни објекти е опфатена реконструкција и санација на објектот на Фондот за здравствено осигурување и реконструкција и санација на објектите на подрачните служби на Фондот, согласно искажаните*

*потреби и утврдената фактичка состојба од стручните лица на Фондот и дадените приоритети за 2009 година. Во ставката наменета за купување на мебел, опрема, возила и машини е опфатена набавката на неопходната компјутерска опрема за доекипирање на Фондот и подрачните служби, како и купување на канцелариски мебел и опрема за потребите на вработените како и набавка на друг вид опрема.*

***ТОЧКА 4 -*** *План за јавни набавки во 2009 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Златко Алексов објасни дека менаџментот на Фондот го изготви Годишниот план за јавни набавки врз основа на вообичаените потреби кои се повторуваат секоја година. Тие се дополнети со постапки за кои се смета дека има потреба а кои се усогласени со буџетот на Фондот и Програмата за инвестиции од страна на секторот за финансии.*

*Фисник Ибраими праша за колку е зголемен планот во споредба со минатогодишниот а директорите Јелникар и Тренкоски одговорија дека не е зголемен туку напротив е намален.*

*Потоа, Управниот одбор едногласно донесе*

***Годишен План***
***за јавни набавки за 2009 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

***ТОЧКА 5 -*** *Утврдување на обрасци за спроведување на Законот за мирување и отпишување на обврски по основ на придонеси за задолжително здравствено осигурување*

*Лазар Трајчев објасни дека заради спроведување на Законот за мирување и отпишување на обврски по основ на придонеси за задолжително здравствено осигурување а по препорака на Секретаријатот за законодавство, потребно е да се утврдат обрасци кои ќе служат за водење на постапката по секое одделно барање. Овие обрасци требаше да ги усвои Министерството за финансии, но тоа усвои само два. Фондот како орган кај кој ќе се води постапката, заради успешно спроведување на законот има потреба од утврдување и на други обрасци. Затоа се предлага Управниот одбор да ги усвои предложените шест обрасци.*

*Управниот одбор го прифати објаснувањето по што едногласно ги утврди предложените шест обрасци за спроведување на Законот за мирување и отпишување на обврски по основ на придонеси за задолжително здравствено осигурување.*

*Потоа, Управниот одбор едногласно одлучи XLIX-та седница да продолжи во вторник 20.01.2009 година во 12 часот кога ќе се разгледаат точките: - Анализа на Буџетот за 2009 година и утврдување на буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2009 година, - Утврдување на вредноста на*

*поенот во примарната здравствена заштита, - Претседател на Управниот одбор, и - Приговор од областа на работните односи.*

*За терминот на продолжувањето на седницата да се известат отсутните членови на Управниот одбор.*

♦

*Работата по дневниот ред на XLIX-та седница продолжи во вторник 20.01.2009 година во 12.00 часот во присуство на*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Д-р Фисник Ибраими, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член;*
- *Д-р. Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ (делумно присутен);*
- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*
- *Ромела Поповиќ Трајкова, директор на секторот за финансии;*
- *Лазар Трајчев, директор на правниот сектор (делумно присутен);*
- *Слаѓана Пешевска, директор на секторот за човечки ресурси (делумно присутна),*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*Претседателот на Управниот одбор Снежана Костадиноска Милошеска, го отвори продолжението на седницата. Утврди дека се присутни сите седум членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување. Објави дека седницата треба да продолжи со точките кои на првото продолжение беа одложени, и тоа:*

1. *Анализа на Буџетот за 2009 година и утврдување на буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2009 година;*

6. *Утврдување на вредноста на поенот во примарната здравствена заштита;*
7. *Претседател на Управниот одбор;*
8. *Приговор од областа на работните односи;*

*Потоа побара, пред да се расправа по другите точки на дневниот ред, да се расправа по точката 7 - Претседател на Управниот одбор. Тоа оттаму што сака да даде одредени објаснувања и предлози од кои ќе зависи натамошното одвивање на седницата.*

*Останатите членови на Управниот одбор го прифатија предлогот, па седницата продолжи со расправа по точката 7.*

***ТОЧКА 7 -*** *Претседател на Управниот одбор*

*Снежана Костадиноска Милошеска ги запозна членовите на Управниот одбор дека причина за нејзиното отсуство на изминатите неколку седници е големиот ангажман во Министерството за финансии во врска со крајот на 2008 и почетокот на 2009 година. Побара разбирање за тоа и додаде дека со оглед на нејзината позиција како државен секретар во Министерството, и во наредниот период очекува дека ќе отсуствува од седниците на Управниот одбор. Поради тоа, а заради непречено, ефикасно и законито работење на Управниот одбор, предложи и за тоа побара согласност на сите членови на Управниот одбор, во текот на 2009 година функцијата претседател на Управниот одбор да ја извршува претставникот на Министерството за здравство. Наведе оти смета дека Законот за здравственото осигурување во делот на замената на претставниците на Министерството за здравство и Министерството за финансии на функцијата претседател не е доволно дециден, и остава простор Управниот одбор да одлучи замената да се врши по календарска година. Ова решение би можело да придонесе во иднина да се избегнат состојби како што ја имавме до замената на претходниот претставник на Министерството за здравство, кој беше заменет во октомври 2008 а беше претседател на Управниот одбор од декември 2006 година. Неговите претходници претседаваа со Управниот одбор од февруари 2006 година, што значи дека претставници на тоа Министерство претседавале со Управниот одбор на Фондот во период од 2 години и 8 месеци. Со утврдувањето дека претставниците на двете министерства се менуваат на функцијата по календарски години, ќе се отстранат дилемите во врска иницирањето на замената и ќе се знае дека со почетокот на нова календарска година се врши замена на претседателот. Добро би било ваквото решение да се внесе и во законот, па предложи во таа смисла и да се иницира изменување на законот.*

*Горан Коевски истакна дека според него, законот доволно добро го определува времето за кое претставникот на едното од министерствата ја врши функцијата претседател и не остава простор за дилеми. Меѓутоа, доколку претставникот на Министерството за финансии смета дека не ќе може квалитетно да ја извршува функцијата, тогаш треба да се изјасни дека ја отстапува на претставникот на Министерството за здравство.*

*И Борис Јосифовски се согласи дека законот е доволно јасен и укажа дека мандатот на членовите на Управниот одбор не е утврден по календарски години. Во случајов е прашање дали претставничката на Министерството за*

*финансии е во состојба да го доврши мандатот започнат во октомври 2008 година, и тоа е на неа да се изјасни.*

*Лазар Трајчев ја изложи хронологијата на замените на функцијата претседател од 2006 година од кога Управниот одбор го сочинуваат седум члена до денес. Од неа несомнено произлегува дека претставниците на Министерството за здравство ја вршеле оваа функција во текот на 2 години и 8 месеци. Меѓутоа, сегашниот претседател предложи да го отстапи мандатот. Потешко е да се пренесе мандатот од едното на другото министерство отколку, претставникот на министерството да го отстапи поради презафатеност. Се согласи дека можеби е потребно и допрецизирање на законот и укажа дека кај најголемиот број на управни одбори во јавните установи, Владата именувајќи ги членовите го именува и претседателот на управниот одбор, а тоа не е случај кај Фондот за здравствено осигурување. Можеби најдобро би било Управниот одбор со заклучок да побара Министерството за здравство да иницира законска измена за допрецизирање на законот.*

*Според Љубиша Каранфиловски, би било добро и во деловникот да се внесе одредба дека на почетокот на календарската година, Управниот одбор ја констатира ротацијата на функциите помеѓу претставниците на Министерството за финансии и Министерството за здравство.*

*По ова, Снежана Костадиноска Милошеска предложи а Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:***

- *Замената на претставниците на Министерството за финансии и Министерството за здравство на функцијата претседател на Управниот одбор да се врши на почетокот на секоја календарска година;*
- *Преку Министерството за здравство да се иницира постапка за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување заради прецизирање на одредбите за замената на претставниците на двете министерства на функцијата претседател;*
- *Во текот на календарската 2009 година претседател на Управниот одбор да биде претставникот на Министерството за здравство.*

*Потоа, Управниот одбор едногласно донесе и*

***Одлука***
***за утврдување на претседател на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која се утврдува дека претседател на Управниот одбор во календарската 2009 година ќе биде Фисник Ибраими, и*

***Одлука***
***за утврдување на заменик на претседателот на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која се утврдува дека заменик на претседателот на Управниот одбор во календарската 2009 година ќе биде Снежана Костадиноска Милошеска.*

***ТОЧКА 1 -*** *Анализа на Буџетот за 2009 година и утврдување на буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2009 година*

*Објаснување по оваа точка даде Ромела Поповиќ Трајкова. Истакна дека буџетот за 2009 година по вторпат е на разгледување пред Управниот одбор, откако еднаш беше утврден како предлог и поднесен до Министерството за финансии. Сега, откако е усвоен и од Собранието на Република Македонија, преостанува аналитички да се распредели и да се утврдат буџетски плафони на јавните здравствени установи, како и да се утврди висината на надоместокот што за услуги дадени на осигурените лица ќе се исплати на одделни здравствени установи со кои Фондот има договор. Во приложениот материјал за седницата има и споредба со 2008 година. За оваа година предлагаме благо зголемување на средствата за примарната здравствена заштита со зголемување на капитацијата од 45 на 50 денари. Од споредбата со 2008 година произлегува дека во оваа година кај сите здравствени установи имаме благо зголемување на буџетите. Иако тоа на прв поглед не е видливо, ако се земе во вид дека во буџетите за 2008 година еден дел од средствата беа наменети за сервисирање на старите долгови, како и фактот дека во 2009 година средствата од партиципацијата остануваат во здравствените установи, станува јасно дека имаме зголемување. Единствено проблем имаме кај вработувањата, колективните договори и дополнителната дејност. Стравуваме дека оттаму може да произлезат нови долгови. Бидејќи колективните договори мора да се почитуваат, решение треба да се бара во нова систематизација на работните места во јавните здравствени установи, соодветна на потребите. Овој проблем е особено значаен зашто 60 - 70 % од буџетите на јавните здравствени установи отпаѓаат на средства за плати.*

*Фисник Ибраими, во врска со зголемувањето на средствата за примарната медицина, потсети на објаснувањето дека тоа ќе се обезбеди со средства во висина која минатата година беше наменета за колпоскопи и EKG апарати. Меѓутоа, во прегледот се гледа дека предвидените средства за оваа година се поголеми од средствата за колпоскопи и EKG апарати во 2008 година.*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека поголемиот износ е поради стратешката определба во здравствениот систем во Република Македонија и Светската здравствена организација за зајакнување на примарната и превентивната здравствена заштита како чувар на здравјето. Со зајакнувањето на примарната и превентивната здравствена заштита кај избраните лекари се постигнува навремено откривање и лекување на болестите, а со тоа намалување на лекувањето на повисоко ниво на здравствена заштита (секундарно и терцијарно ниво) каде што трошоците за лекување се повисоки.*
*Заради непроменетата вредност на капитациониот бод од 2001 до 2008 година, настанува несоодветна структура на финансиските средства во примарната здравствена заштита во однос на специјалистичко-консултативната и болничката здравствена заштита.*

*Дополнително зголемување е предвидено и заради проширувањето на листата на места што спаѓаат во рурални подрачја извршено во 2008 година. Иако во*

*сите рурални места не се активирани амбуланти, Фондот мора да обезбеди средства како тоа да ќе се случи во 2009 година.*

*Фисник Ибраими укажа дека сепак има вишок средства во висина од околу 250 милиони денари кои треба да се пренасочат таму каде се најмногу потребни. На пример на клиниките за хематологија и за онкологија недостигаат средства за третман на пациентите, а од друга страна кај примарното здравство се насочени средства за кои не знаеме дали ќе бидат искористени.*

*Директорот Јелникар објасни дека во секој систем на здравствено осигурување средствата се ограничени, а така е и на пример во Словенија каде здравственото осигурување располага со неколкупати повеќе средства за приближно ист број на жители. Заради тоа во секој систем се поставува прашањето за приоритетите во кои ќе се насочат средствата. Во однос на посочените клиники за хематологија и онкологија и нивните потреби од средства за третирање на пациентите, сметам дека решение може да се најде само заеднички помеѓу Фондот и Министерството за здравство. Тоа би значело пред се помош за набавките на потребните лекови да се извршат по што поповолни цени. Во рамките на буџетот на Фондот не може да се најде решение за нивните потреби.*

*Љубиша Каранфиловски укажа дека зголемувањето на вредноста на поенот за 5 денари помножено со 3.500.000 поени колку што вкупно би имале на располагање да ги остварат значи 16 милиони денари месечно или околу 200 милиони денари годишно. Праша дали Фондот ќе биде во состојба да ги обезбеди. Кај буџетите на јавните здравствени установи пак имаме процентуално намалување на сметка на буџетот на приватните здравствени установи од 627 на 1.460 милиони денари. Прикажани се 726 милиони а за останатите средства не е прикажано каде се распоредени.*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека овие средства се наменети за секундарната здравствена заштита (за in-vitro оплодувања, кардиохируршки интервенции во Филип Втори, бањите, а исто така и лабораториите). Потврди и дека Фондот ги има обезбедено потребните средства.*

*Љубиша Каранфиловски побара намената на тие средства да се наведе во извештајот.*

*Снежана Костадиноска Милошеска го истакна фактот дека буџетите на јавните здравствени установи се базираат на историски податоци. За да се знае дали соодветно се насочуваат средствата кон јавните здравствени установи неопходно е да се има медицинска мапа и утврдени стандарди за услугите што ги даваат здравствените установи. Министерството за здравство треба да ги донесе. Додаде и дека е потребна детална анализа за работењето на една здравствена установа. Инаку, секогаш ќе има барања за зголемување на буџетите а работа на Фондот е да ги определи приоритетите и да даде издржано објаснување каде да се насочат средствата. Буџетите на јавните здравствени установи се преоптоварени со средствата за плати и нивното определување треба да биде порестриктивно зашто е можно да се укаже потреба од намалување во текот на годината. Подобро е да се оди со*

*помали плафони и да се остави резерва, па ако во текот на годината се укаже потреба, да се интервенира.*

*Ромела Поповиќ Трајкова изрази уверување дека Фондот будно ќе го следи нивното извршување од месец во месец, и дека на тримесечно ниво ќе има корекција според реализираните услуги.*

*По ова, расправата по оваа точка од дневниот ред заврши, и Управниот одбор ги донесе следните одлуки:*

***Одлука***
***за утврдување на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2009 година***

***Одлука***
***за извршување на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2009 година***

***Одлука***
***за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2008 година***

***Одлука***
***за одобрување на средства на Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје за 2009 година***

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Службата за воено здравство - Воена болница - Скопје на осигурените лица на Фондот во 2009 година***

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати на Специјалната болница по гинекологија и акушерство Мала Богородица - Систина, Скопје за здравствени услуги од областа на биомедицински потпопомогнатото оплодување извршени во 2009 година***

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати на Општата болница РЕ - МЕДИКА, Скопје за здравствени услуги од областа на биомедицински потпопомогнатото оплодување извршени во 2009 година***

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати на Специјалната гинеколошка ординација Плодност, Битола за здравствени услуги од областа на биомедицински потпопомогнатото оплодување извршени во 2009 година***

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати на специјалистичката ординација по гинекологија и акушерство Ултра Медика, Скопје за здравствени услуги од областа на биомедицински потпопомогнатото оплодување извршени во 2009 година***

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори“ Скопје на осигурените лица на Фондот во 2009 година***

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Здравствената установа Катлановска Бања ДОО - Катланово на осигурените лица на Фондот во 2009 година***

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Специјалната болница по физикална медицина и рехабилитација „Дебарски Бањи - Цапа“ - Дебар на осигурените лица на Фондот во 2009 година***

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Здравствената установа Природно лекувалиште Негорски Бањи, Гевгелија на осигурените лица на Фондот во 2009 година***

***ТОЧКА 6 -*** *Утврдување на вредноста на поенот во примарната здравствена заштита*

*Снежана Костадиноска Милошеска праша во што се состои потребата за зголемување на вредноста на поенот во примарната здравствена заштита.*

*Директорот Јелникар истакна дека вредноста на поенот е непроменета во последните шест години додека во јавните здравствени установи платите се зголемени за 30%.*

*Страшо Наумоски пак потсети дека кога се зборува за здравството и неговата поделба на примарно, секундарно и терцијарно, постои општа согласност како меѓу лекарите така и меѓу стручњаците за здравствена заштита, и тоа не само кај нас туку и во светот, дека е најцелисходно е да се инвестира во примарното здравство. Тука се постигнуваат најдобри резулати во зачувувањето и подобрувањето на здрвјето на граѓаните а тоа доведува и до заштеда на средства за секундарни и терцијарни третмани.*

*Лазар Трајчев додаде и дека уште минатата година се зборуваше за зголемување на вредноста на поенот, но тогаш се постигна согласност со Лекарската комора најпрвин да се помогне за опремување на примарното здравство со опрема. Така се овозможи да се набават модерни колпоскопи и*

*EKG апарати. Оваа година сметаме дека средства во висина што беше издвоена за опрема, може да се употребат за зголемување на вредноста на поенот.*

*Фисник Ибраими дополни и дека лекарите за таа сметка се обврзале на 24 часовно дежурство.*

*Трајче Леов потсети на потребата да се изготви анализа за работењето на приватните здравствени установи од која ќе може да се види колку тие заработуваат, односно дали средствата што ги добиваат од Фондот се доволни за нормално работење, дали се недоволни или се можеби премногу.*

*Фисник Ибраими потсети дека и стоматолозите бараат враќање на вредноста на поенот од 35 на поранешните 45 денари.*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека за стоматологијата стратешка определба е да се намалуваат средствата од задолжителното здравствено осигурување а да се зголемува учеството на осигурените лица.*

*Лазар Трајчев пак објасни дека барањето на стоматолозите е условно, односно тие бараат зголемување доколку се спроведе стратегијата стоматолошката заштита на децата да биде на товар на државата и тие да им се одземат од пациентите. Тогаш драстично би им се намалил приходот па во таков случај бараат средствата кои ќе се ослободат да бидат наменети за зголемување на вредноста на поенот. Во сегашната состојба се согласуваат со важечките 35 денари. Би било добро во таа смисла и да се направи спогодба со Стоматолошката комора.*

*Директорот Тренкоски истакна дека зголемувањето на вредноста на поенот во примарната здравствена заштита не треба да биде спорно а само со стоматолозите треба да се продолжи договарањето.*

*Со ова се согласија и членовите на Управниот одбор, по што едногласно се донесе*

***Одлука***
***за утврдување на вредноста на поенот во примарната здравствена заштита***

*со која вредноста на поенот во примарната здравствена заштита се утврдува на висина од 50 денари, и*

***Заклучок:*** *Да се продолжи со разговорите со Стоматолошката комора за условите под кои може да се зголеми вредноста на поенот кај стоматолозите*

***ТОЧКА 8 -*** *Приговор од областа на работните односи*

*Управниот одбор го разгледа приговорот на работникот Гоце Петревски, поранешен раководител на Подрачната служба Охрид на кого поради утврдени неправилности во работењето со решение на директорот му е откажан договорот за работа.*

*Слаѓана Пешевска објасни дека по налог на директорот на Фондот беше извршена контрола на финансиското работење во Подрачната служба Охрид. При контролата се утврдени големи неправилности. Имено, Подрачната служба, односно раководителот со акредетираните средства на Фондот располагал ненаменски, т.е вршел кредитирање на фирми. Се работи за средства што Фондот ги префрла на отворен акредитив на Подрачната служба со строго утврдена намена. Пренаменувањето на средства било забележано во периодот од 01.01.2008 до 22.10.2008 година кога се вршени исплати на повеќе правни субјекти без никаков правен основ. Еден дел од средствата е враќан како погрешни уплати на повеќе рати, меѓутоа голем дел од средствата не бил вратен ниту во времето кога се водеше дисциплинска постапка. Заклучно со 31.12.2008 се вратени средствата префрлени во поголеми износи а сеуште остануваат невратени срдствата префрлени во помали износи на повеќе помали фирми. Заради прикривање на незаконските исплати, на Фондот му се доставувани лажни податоци.*

*Љубиша Каранфиловски истакна дека е очигледно дека работникот направил прекршок или грешка во работењето. Сепак, праша дали постои можност за преиспитување на изречената мерка, односно нејзино заменување со друга поблага.*

*Директорот Тренкоски укажа дека овој работник е долгогодишен раководител што значи дека неговото постапување никако не е резултат на грешка. Поради тоа смета дека не постои можност за поблага мерка.*

*Потоа, приговорот беше ставен на гласање.*

*Снежана Костадиноска Милошеска, Борис Јосифовски, Трајче Леов, Горан Коевски и Страшо Наумоски, гласаа против усвојување на приговорот и за потврдување на изречената мерка, додека Љубиша Каранфиловски и Фисник Ибраими гласаа за заменување на изречената мерка со поблага. Со тоа, Управниот одбор со мнозинство на гласови донесе*

***Одлука***

*со која приговорот на Гоце Петревски е одбиен и е потврдено решението на директорот на Фондот со кое е изречена мерка откажување на договорот за работа.*

*По ова, Управниот одбор, во 15.15 часот заврши со работата на XLIX -та седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Фисник Ибраими***